Врз основа на член 157 точка 16 од Законот на пензиското и инвалидското осигурување ("Сл. весник на РМ" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 13/16, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22) и член 33 од Статутот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Сл. весник на РМ" бр.174/2013), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 31 август 2022 година донесе:

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2025 ГОДИНА

**Скопје, август 2022 година**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023-2025 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (2023-2025) е во согласност со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Годишниот план и програма за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредени правата од пензиското и инвалидското осигурување за сите осигуреници.

Управните, финансиските, стручните, административните и други работи на правата од пензиското и инвалидско осигурување на Северна Македонија, ги спроведува Стручната служба на Фондот, и тоа, во Централата, 20 филијали и 10 деловници.

Органи на Фондот се Управниот одбор на Фондот и Директорот на Фондот. За својата работа, Управниот одбор на Фондот е одговорен пред Владата на Република Северна Македонија, за што секоја година доставува Годишен извештај за работата на Фондот.

Управниот одбор формира постојани и повремени комисии и други работни тела за следење на одделни прашања од развојот и спроведувањето на правата од пензиското и инвалидско осигурување, решавање на права на осигурениците и корисниците на пензија и разгледување на прашања од делокругот на Управниот одбор.

Надлежноста, составот, начинот на работа и другите прашања од работата на комисиите и другите работни тела на Управниот одбор се уредуваат со Деловникот на Управниот одбор.

Директорот раководи со Фондот и го претставува и застапува пред трети лица, а за својата работа е одговорен пред Управниот одбор на Фондот и пред Владата на Република Северна Македонија.

Директорот ги предлага Програмата и Планот за работа и презема мерки за нивно реализирање - спроведување, организира и обезбедува законско и ефикасно извршување на работите од делокругот на Фондот, а до Управниот одбор на Фондот редовно поднесува извештаи и анализи за прашања од правата за пензиско и инвалидско осигурување.

Директорот на Фондот има заменик. Заменик-директорот го заменува директорот на Фондот за време на негово отсуство и врши други работи утврдени со Статутот на Фондот.

Работата во Централата се извршува во рамките на пет сектори. Со секторите раководат секторските директори. Актот за организација на работата и систематизацијата на работните места во Стручната служба на Фондот ја вклучува организационата структура која ја покажува внатрешната поделба на работата и односите меѓу одделните сектори. Задачите, одговорностите и поврзаноста меѓу поединечни работни позиции се засновани врз организационата структура на Фондот.

## 2. РАЗВОЈ НА ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

Со Буџетот на Фондот се планираат и предлагаат годишните износи на правата за трошење за одредени намени и истите права за трошење се лимитирани со реализацијата на планот на приходи.

Фондот работи во согласност со лимитите на буџетските права за трошење и не презема обврски над утврденото право за трошење.

Буџетот на Фондот го утврдува Управниот одбор на Фондот, а го донесува Собранието на Република Северна Македонија како составен дел на Буџетот на Републиката.

Процесот на Буџетот е составен од три основни фази, кои се остваруваат во различни временски периоди, и тоа:

**<u>Буџетски процес</u>**

При подготвувањето на Буџетот на Фондот, се имаат предвид макроекономската политика во која се дефинирани владините приоритети, а се содржани и макроекономски индикатори за движење на вработеноста и платите кои се основа за планирање на приходите и расходите на Фондот.

Министерството за финансии подготвува Буџетски циркулар, во кој се дадени главните насоки за подготвување на Буџетот на Фондот. Врз основа на предвидените цели во Циркуларот, Фондот го подготвува Буџетот, притоа имајќи го во предвид достигнатото ниво на приходите и расходите и законските прописи од пензиското и инвалидското осигурување.

**<u>Буџетски циркулар</u>**

Буџетскиот циркулар се доставува до сите буџетски корисници и фондови и по добивањето на истиот во Фондот започнува процесот на подготвување на Предлог-буџетското барање.

По донесувањето на макроекономската политика и добивањето на Буџетскиот циркулар, започнуваат активностите на Фондот за подготвување на Предлог-буџетското барање.

Овој процес ги дефинира приходите и расходите на Фондот за спроведувањето на пензиското и инвалидско осигурување и опфаќа неколку фази:

- Анализа на достигнатото ниво на приходи и расходи и оценки до крајот на годината;
- Оценка на приходите на Фондот по видови на приходи и видови на расходи.

Макроекономски индикатори за пресметување на придонесите се порастот на платите и порастот на вработеноста, а во расходниот дел се порастот на платите и порастот на трошоците на живот и врз основа на овие параметри се утврдува процентот на усогласување на пензиите. Подготвениот Предлог-буџет на Фондот се доставува до Управниот одбор на Фондот за разгледување и усвојување и доколку произлезат нови или изземање на некои активности, се врши корекција, односно усогласување на Буџетот. Утврдениот Буџет се доставува до Министерството за финансии.

Откако ќе се изврши усогласување на буџетското барање со предлогот на Министерството за финансии, Министерството за финансии го доставува Буџетот на Фондот како составен дел на Буџетот на Републиката до Владата на Република Северна Македонија.

**Буџетско извршување**

Овој процес е извршување на Буџетот според утврдените лимити на буџетските права за трошење. Фондот не смее да презема обврски над утврдените права за трошење во годината за која е донесен буџетот.

При подготвување на буџетот се користат програми за да се прикажат посебни финансирања за посебни активности, или група на активности.

Буџетското планирање вклучува проценки за три години со кои се планираат глобални приходи и расходи, односно се искажуваат со помалку детали.

## ВИЗИЈА

Визијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е во иднина тој да претставува современа институција со професионална и компетентна администрација, што ќе дава добра, брза, квалитетна и навремена услуга на клиентите, која ќе има квалитетна соработка со националните и меѓународните институции и ќе врши редовна и навремена исплата на пензиите согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

## МИСИЈА

Мисијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија е остварување на визијата преку:

- Осовременување на процесот за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување;
- Современ информатички систем кој обезбедува максимална заштита и сигурност на податоците на осигурениците и обврзниците и кој во континуитет се унапредува согласно последните достигнувања во информатичката технологија;
- Обезбедување најсовремени услови за живеење во домовите за корисниците на пензии;
- Следење и усогласување на пензискиот систем во меѓународни рамки;
- Компетентна стручна служба и нејзино континуирано унапредување преку организирање и посетување на обуки;
- Општествена одговорност преку објаснување на осигурениците за остварување на правата од ПИО преку директни средби и печатен информатички материјали, учество во еколошки, крводарителини и други акции, соработка со сојузите и здруженијата на пензионерите и друго.

- **Општи цели**

✓ **Навремена и квалитетна услуга на клиентите кои остваруваат права од ПИО;**

✓ **Редовна, навремена и точна исплата на пензиите во земјата и надвор од неа, согласно Законот за ПИО и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;**

✓ **Законитост во работењето и примена на материјалните прописи преку ревизија на сите донесени решенија со кои се утврдуваат правата од ПИО;**

✓ **Точна, квалитетна и ажурирана база на податоци за сите осигуреници, обврзници за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување;**

✓ **Професионална стручна служба и нејзино континуирано професионално усовршување;**

✓ **Користење современ информатички систем кој обезбедува максимална заштита на податоците на клиентите;**

✓ **Обезбедување оптимални услови за живеење во домовите за корисниците на пензии;**

✓ **Учество на Фондот на ПИОСМ во процесот на усогласување на прописите од областа на социјалното осигурување со правото на Европската унија и зајакнување на капацитетите на Фондот на ПИОСМ во координацијата на системите на социјална сигурност.**

## Специфични цели:

- *Навремена и квалитетна услуга на клиентите кои остваруваат права од ПИО*

| 1. Управување со системот за квалитет на услугите, процесите и вработените во Фондот | |
|---|---|
| Сегашна состојба | Ресертификација на имплементиран ISO 9001:2015 стандард |
| Идна состојба | Одржување на системот во управување со квалитет, ИСО 9001:2015 со надзорни проверки |
| Одговорен | Менаџер за квалитет |
| 2. Точни, комплетни и ажурирани податоци на осигурениците и обврзниците | |
| Сегашна состојба | Утврдување на комплетни податоци на осигурениците и обврзниците |
| Идна состојба | Електронски бесплатен пристап до евидентираните податоци |
| Одговорен | Сектор за остварување на правата од ПИО |
| 3. Целосно процесирање на пензиски предмети по електронски пат | |
| Сегашна состојба | Покрај електронскиот предмет, паралелно се користи и хартиена форма |
| Идна состојба | Целосна апликативна поддршка на сите права од ПИО |
| Одговорен | Сектор за остварување на правата од ПИО и Сектор за информатика |
| 4. Исплата на средства за Солидарен фонд | |
| Сегашна состојба | Навремена исплата на средствата за солидарен фонд |
| Идна состојба | Надградба (по потреба) на апликацијата за исплата на средствата за солидарен фонд согласно датумот на поднесеното барање |
| Одговорен | Сектор за финансиски прашања |
| 5.Скратување на роковите за остварување права од инвалидска пензија | |
| Сегашна состојба | 15 дена од приемот на барањето до повикување на контролен преглед |
| Идна состојба | Скратување на рокот, тековно, по комплетирање на документацијата |
| Одговорен | Сектор за остварување на правата од ПИО |

| 6. Интензивирање и унапредување на меѓународната соработка од областа на ПИО | |
|---|---|
| Сегашна состојба | Неможност за остварување на правата од ПИО заради немање меѓународни договори со одредени држави |
| Идна состојба | Иницијатива за склучување меѓународни договори за социјално осигурување за остварување на правата од ПИО |
| Одговорен | Сектор за спроведување на одредбите на ЕУ и меѓународните договори за социјално осигурување |
| 7. Односи со јавноста | |
| Сегашна состојба | Информирање на осигурениците и корисниците на нашите услуги воопшто кон граѓаните - идни пензионери преку веб страницата на Фондот, кол центарот и фејсбук страницата. Фондот, меѓудругото, особено внимание посветува на своето афирмирање и досегашната работа на неговата Служба за односи со јавноста. Тоа значи, дека ќе продолжи со транспарентноста на институцијата кон корисниците на нашите услуги и воопшто кон граѓаните – идни пензионери. |
| Идна состојба | Информирање на осигурениците и корисниците на нашите - услуги дополнително преку фејсбук страницата, организирање на јавни трибини со објаснувачки карактер, прес конференции и брифинзи за новинари, како и преку објавување прилози, наменски и актуелни текстови, соопштенија и коментари за афирмација на работата на Стручната служба на Фондот, како и заради информирање за сите измени во законските прописи и тековни активности на Фондот во делот на пензиското и инвалидското осигурување. |
| Одговорен | Сектор за човечки ресурси, општи и правни работи |

- *Редовна, навремена и точна исплата на пензии во земјата и надвор од неа согласно Законот за ПИО и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување*

| | |
|---|---|
| **1. Усовршување на процесот за исплата на пензии** | |
| Сегашна состојба | Потврди за живот се доставуваат од страна на корисниците на пензија два пати во годината.<br>Работа со финансово досие и добиена документација во хартиена форма (физички се движи предметот од вработен на вработен).За корисници на пензија членови на Втор столб потврда на податоци за исплата во хартиена форма |
| Идна состојба | Електронска размена на податоците со земјите од поранешните ЈУ-републики за корисниците на пензија кои примаат пензија од Р.С.Македонија.<br>Работа со финансово досие и добиена документација во електронска форма (скенирани документи).<br>За корисниците на пензија членови на Втор столб, потврда на податоците за исплата во електронска форма |
| Одговорен | Сектор за финансиски прашања |
| **2 Редовна исплата на пензии** | |
| Сегашна состојба | Исплата на пензии во Р.С.Македонија и странски земји се врши во определен рок од месецот- редовно |
| Идна состојба | Можноста за промена на роковите за исплата на пензиските примања на корисниците на пензии кои живеат надвор од РСМ. |
| Одговорен | Сектор за финансиски прашања |
| **3. Навремено исклучување од исплата на починати корисници на пензии** | |
| Сегашна состојба | Исклучувањето од исплата на починатите корисници на пензии се врши преку дојава согласно Договорот за соработка со Управата за водење на матични книги во електронска форма |
| Идна состојба | Можноста за склучување на договори за електронска размена на податоците со сите земји каде што се исплатува пензии за корисниците на пензија |
| Одговорен | Сектор за финансиски прашања и Сектор за информатика |

| **4. Систем на внатрешна контрола** | |
|---|---|
| Сегашна состојба | **Во ФПИОСМ е воспоставен систем кој обезбедува непречено функционирање на финансиското управување и контрола со можности за подобрување во одредени сегменти. Преземени се соодветни политики и контролни активности за донесување и имплементирање на стратешки документи, подзаконските и интерните акти, ИСО стандарди за управување со квалитет за значајни активности, делегирање на овластувања, распределба на должности и одговорности, финансиските контроли, контроли во пристап до ресурсите и нивна физичка безбедност, општи и апликативни контроли во ИТ-системот, систем на комуникација и размена на информации, начин на планирање, извршување, известување и мониторинг.** |
| Идна состојба | **Да врши процена на соодветноста, економичноста, ефективноста и ефикасноста на системот за финансиско управување и контрола за утврдување, процена и управување со ризиците од раководството на субјектот во однос: на усогласеноста со законите, подзаконските и интерните акти и договори; веродостојноста и сеопфатноста на финасиските и оперативните информации и безбедноста на имотот и информациите.**<br><br>**Спроведувањето на ревизиите генерално резултира со препораки за подобрување на системот на внатрешни контроли, а дека само со активна примена на овие контроли од страна на Раководството можно е да се остварат и мерливи ефекти од нивното спроведување.**<br><br>**Со цел искажување на мерливата додадена вредност на внатрешната ревизија, внатрешната ревизија ќе следи не само дали препораките се спроведени или не, туку ќе ги следи и ефектите од спроведувањето на препораките.** |
| Одговорен | **Одделение за внатрешна ревизија** |
| **5. Финансиски менаџмент** | |
| Сегашна состојба | **Управување со финансиите на Фондот, согласно неговите расположливи средства и рационално и економично раководење со истите.** |

| | |
|---|---|
| Идна состојба | **Унапредување на Финансискиот менаџмент заради ефикасно, ефективно и економично користење на средствата на Фондот на ПИОСМ** |
| Одговорен | **Сектор за финансиски прашања** |

- ***Законитост во работењето и примената на материјалните прописи преку ревизија на сите донесени решенија со кои се утврдуваат права од ПИО***

| 1. Целосна контрола на законитоста на сите донесени решенија со кои се утврдува право од ПИО | |
|---|---|
| Сегашна состојба | **Ревизија на сите донесени решенија со кои се утврдува право од ПИО.**<br>**Ревизијата е укината со ЗПИО од 2019 година, но Одделението за регулатива врши контрола по случаен избор на предмети непосредно во Филијалите или на електронското досие** |
| Идна состојба | **За ова е даден предлог во Иницијативата за измена и дополнување на ЗПИО да се врати повторно ревизија на сите решенија со кои се остварува право од ПИО** |
| Одговорен | **Сектор за остварување на правата од ПИО** |

- ***Точна, квалитетна и ажурирана база на податоци за сите осигуреници обврзници за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување***

| 1. Точни, комплетни и ажурирани податоци | |
|---|---|
| Сегашна состојба | **Податоците Фондот ги добива по електронски пат од надлежните институции и деловните субјекти** |
| Идна состојба | **Поквалитетна размена на податоците и обезбедување хармонизација со базите на податоците со останатите надлежни институции** |
| Одговорен | **Сектор за остварување на правата од ПИО** |

- ***Професионална стручна служба и нејзино континуирано професионално усовршување и следење на неоснованите исплати на Фондот***

| | |
|---|---|
| 1. Комплетирање на Стручна служба | |
| Сегашна состојба | **Недостиг на стручни кадри кои влијаат врз квалитетот на услугите** |
| Идна состојба | **Обука на вработените од страна на стручни кадри и преку семинари** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи** |
| 2. Квалитетна, ефикасна и навремена наплата на побарувањата по основ на штети | |
| Сегашна состојба | **Електронско изготвување на пресметките по основ на штети и доставување до Правна служба за понатамошно постапување** |
| Идна состојба | **Склучување на договор за соработка со сите инволвирани институции за размена на податоците во електронска форма** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи** |
| 3. Професионализација на Стручната служба и Менаџментот согласно современите барања | |
| Сегашна состојба | **Посетување на интерни и надворешни обуки** |
| Идна состојба | **Посетување на различни семинари и работилници кои се стручни и специјализирани од аспект на менаџирање со човечките ресурси** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи, Сектор за информатика и Сектор за финансиски прашања** |
| 4.Обезбедување современи услови за работа | |
| Сегашна состојба | **Делумно несоодветни услови за работа** |
| Идна состојба | **Преземање мерки со цел зголемување на мотивираноста и задоволството на вработените, со што би се зголемила продуктивноста на работата** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи.** |

- ***Користење современ информатички систем кој обезбедува максимална заштита на податоците на клиентите***

| | |
|---|---|
| **1. Одржување и целосна заштита на информационите системи** | |
| Сегашна состојба | **Одржување со сопствени ресурси и од надворешни фирми** |
| Идна состојба | **Следење на светските трендови** |
| Одговорен | **Сектор за информатика** |
| **2. Развој на информациони системи, односно континуитет на зголемување на ефикасноста на деловните процеси** | |
| Сегашна состојба | **Автоматизирање на деловните процеси, следење на развојот во ИТ секторот и тековни работи** |
| Идна состојба | **Пропорционална поддршка на деловните системи за ефикасно извршување на деловните процеси** |
| Одговорен | **Сектор за информатика** |
| **3. Поддршка на системот за информатичка технологија** | |
| Сегашна состојба | **Сопствени буџетски средства** |
| Идна состојба | **Идната состојба да биде сведена на интерни ресурси и вработување на нови кадри и зголемување на буџетот** |
| Одговорен | **Сектор за информатика** |

***Обезбедување оптимални услови за живеење во домовите за корисниците на пензии***

| | |
|---|---|
| **1. Изработка на софтверска апликација за електронско рангирање и сместување во пензионерските домови** | |
| Сегашна состојба | **Рангирањето и сместувањето го врши Комисија од стручни служби на Фондот** |
| Идна состојба | **Со софтверската апликација се елиминира одлучување на човечкиот фактор за рангирањето и сместувањето во пензионерските домови** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи** |

| 2. Реновирање на дел од пензионерските домови кои се во лоша состојба за подобрување на условите за живеење на корисниците на пензија | |
|---|---|
| Сегашна состојба | **Дел од пензионерските домови се реновирани, а дел од нив не се реновирани подолг период и немаат услови за живеење сите корисници на пензија сместени во нив** |
| Идна состојба | **Со реновирање на сите пензионерски домови ќе се обезбедат исти услови за сите корисници на пензија во домовите** |
| Одговорен | **Сектор за човечки ресурси, правни и општи работи**<br><br>**Одд. за стопанисување со имотот на Фондот** |

- ***Учество на Фондот на ПИОСМ во процесот на усогласување на прописите од областа на социјалното осигурување со правото на Европската унија и зајакнување на капацитетите на Фондот на ПИОСМ во координацијата на системите на социјалната сигурност***

| 1. Исполнување на ЕУ стандардите | |
|---|---|
| Сегашна состојба | **Учество на Фондот на ПИОСМ во процесот на усогласување на прописите од областа на социјалното осигурување со правото на Европската унија и зајакнување на капацитетите на Фондот на ПИОСМ во координацијата на системите на социјална сигурност** |
| Идна состојба | **Учество на вработени од Фондот на ПИОСМ во проектот ИППА „Зајакнување на капацитетите за ефективна примена на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците, од јануари 2019 година** |
| Одговорен | **Сектор за спроведување на одредбите на ЕУ и меѓународните договори за социјално осигурување** |
| 2.Соработка со странските национални пензиски фондови | |
| Сегашна состојба | **При примената на меѓународните договори за социјално осигурување од страна на двете договорни страни потписнички на договорот, се почитуваат принципите на еднаков третман, определување на законодавството што ќе се применува, зачувување на стекнатите права и исплата (извоз) на пензии (бенефиции).** |

| | |
|---|---|
| Идна состојба | **Иницијатива за склучување на нови договори за социјално осигурување и евентуални измени и дополнувања на склучените договори, админситративни спогодби и двојазични обрасци** |
| Одговорен | **Сектор за спроведување на одредбите на ЕУ и меѓународните договори за социјално осигурување** |

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН НА ФОНДОТ НА ПИОСМ*

## 2023 - 2025

### ВИЗИЈА

**Визијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија е во иднина тој да претставува современа институција со професионална и компетентна администрација, што ќе дава добра, брза, квалитетна и навремена услуга на клиентите и ќе има квалитетна соработка со националните и меѓународните институции и ќе врши редовна и навремена исплата на пензиите.**

### МИСИЈА

1. Квалитетна и брза услуга на клиентите за остварување права од ПИО;

2. Редовна, навремена и точна исплата на пензиите во земјата и надвор од неа, согласно Законот за ПИО и Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување;

3. Законитост во работењето и примената на материјалните прописи преку ревизија на сите донесени решенија со кои се утврдуваат права од ПИО;

4. Точна, квалитетна и ажурирана база на податоци за сите осигуреници-обврзници за плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување;

5 .Професионална Стручна служба и нејзино континуирано професионално усовршување;

6. Користење современ информатички систем кој обезбедува максимална заштита на податоците на клиентите;

7. Обезбедување оптимални услови за живеење во домовите за корисниците на пензии;

8. Учество на Фондот на ПИОСМ во процесот на усогласување на прописите од областа на социјалното осигурување со правото на Европската унија и зајакнување на капацитетите на Фондот на ПИОСМ во координацијата на системите на социјална сигурност.

Претпоставки

Индикатори

Развој на процесите

Вредности на Фондот

Планирани расходи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за периодот 2023-2025 година.

| *Опис на расходите* | *2023 година* | *2024 година* | *2025 година* |
|---|---|---|---|
| **Вкупно пензии** | *73.172,82* | *76.608,13* | *78.271,16* |
| **Приватни пензиски фондови** | 11.818.64 | 13.080,57 | 14.405,21 |
| **Надоместоци** | 100,00 | 100,00 | 100,00 |
| **Придонес за здравство** | 9.512,47 | 9.959,06 | 10.175,25 |
| **Бањско лекување и превоз** | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Плати и надоместоци** | 293.00 | 298,00 | 301,21 |
| **Други расходи** | 160.00 | 150,00 | 150,00 |
| **Капитални трошоци** | 30,00 | 40,00 | 40,00 |
| **Градежни работи** | 30,00 | 30,00 | 30,00 |
| **Купување на моторно возило** | 2,00 | 2,00 | 2,00 |
| ***Вкупно расходи*** | 95.118,93 | 100.267,75 | 103.474,83 |

**Индикатори**

| **Корисници на пензија на крајот на годината** | **Број на корисници** |
|---|---|
| **2023 година** | **345 245 корисници** |
| **2024 година** | **349 043 корисници** |
| **2025 година** | **353 022 корисници** |

| **Број на вработени во Фондот на ПИОСМ** | |
|---|---|
| **2023 година** | **603 вработени** |
| **2024 година** | **613 вработени** |
| **2025 година** | **623 вработени** |

## SWOT АНАЛИЗА (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats)

SWOT или анализа на предностите, слабите страни, можностите и опасностите ни овозможува да го воочиме влијанието на внатрешните фактори во Фондот.

**Предностите** на ФПИОСМ се:

- Успешно сервисирање на услугите кон осигурениците и корисниците на права од ПИО;
- Имплементиран ISO 9001:2015 стандард;
- Мнозинство од искусни и компетентни вработени;
- ИТ инфраструктура и автоматизирани деловни процеси;
- Воспоставени и јасно дефинирани процедури со добри контроли на процесите;
- Законски акти (регулатива);
- Размена на електронски податоци со др. институции;
- Електронско поднесување на барање за пензии;
- Електронско следење на стаж на осигурување;
- Постојано унапредување на системот за мерење на задоволство на корисниците на услугите;
- Посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;
- Подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации.

**Слаби страни** кои се воочени во ФПИОСМ се:

- Недостаток на човечки ресурси во одредени сектори посебно од информатички и медицински профил:
- Непотполнети раководни позиции (раководители на одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени активности во работењето на Фондот;
- Мерење и нормирање на работата на секој вработен или одделение;
- Недостаток на обуки, што резултира дел од кадарот да е нестручен и needуциран согласно спецификата на дејноста на Фондот;
- Постоење на незаинтересирани и немотивирани вработени, како резултат на ниски плати и преоптеретеност со работни задачи (нееднаква распределба на работата) по извршители ;
- Дел од филијалите и деловниците се со лоши услови за работа поради недостиг на средства за тековно одржување;
- Непридржување до роковите за работа;
- Не се мери задоволството на вработените;
- Недоволен број на потребните обуки во земјата и странство за надградување на вработените.

**Можности за подобрување** на постојната состојба во Фондот се :

- Соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани како би можеле да дадат поголем придонес;
- Надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство;
- Унапредување на процесите со помош на ИТ;
- Поедноставување на процедурите на шалтер (редуцирање на чекорите кои треба да ги направат корисн. на услугите со цел завршување на работа- „се на едно место");
- Размена на електронски податоци на меѓународно ниво;
- Нови услуги за корисници на услугите на Фондот на ПИОСМ;
- Изнаоѓање на нови извори на финансирање;
- Поголема поддршка од други институции (МТСП, Мин. за финансии, МИОА и сл.) ;
- Рамномерна распределба на предмети по филијали.

**Опасности (закани)** за редовното функционирање на Фондот се:

- Законски решенија со кои се отежнуват процесите за остварување права од ПИО;
- Чести промени на законската регулатива и подзаконските акти кои се од влијание врз работата на Фондот на ПИОСМ;
- Непостоење на финансиска анализа (финансиски импликации врз Фондот на ПИОСМ) при носење на законската регулатива кој влијае врз работата на институцијата;
- Неприфаќање на забелешките од Фондот на ПИОСМ при донесување на законски решенија кои се од влијание;
- Невалидна документација (за стаж, медицинска документација и се друго што е од влијание за остварување на право од ПИО) ;
- Неалоцирани износи за придонес од ПИО;
- Зависност од буџетот на Р.С.М;
- Недостаток на персонал како резултат на законски пречки;
- Иселување на работоспособното население;
- Одлив на стручни кадри во други институции и одење во пензија и ненавремено потполнување на работните места со нововработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од тие што заминуваат;
- Непредвидени ситуации со КОВИД 19 вирусот.

| Strengths (Предности) | Weaknesses (Слабости) |
|---|---|
| - Успешно сервисирање на услугите кон осигурениците и корисниците на права од ПИО;<br>- Имплементиран ISO 9001:2015 стандард;<br>- Мнозинство од искусни и компетентни вработени;<br>- ИТ инфраструктура и автоматизирани деловни процеси;<br>- Воспоставени и јасно дефинирани процедури со добри контроли на процесите;<br>- Законски акти (регулатива);<br>- Размена на електронски податоци со др. институции;<br>- Електронско поднесување на барање за пензии;<br>- Електронско следење на стаж на осигурување<br>- Постојано унапредување на системот за мерење на задоволство на корисниците на услугите;<br>- Посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>- Подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации. | - Недостаток на човечки ресурси во одредени сектори посебно од информатички и медицински профил;<br>- Непотполнети раководни позиции (раководители на одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени активности во работењето на Фондот;<br>- Мерење и нормирање на работата на секој вработен или одделение;<br>- Недостаток на обуки, што резултира дел од кадарот да е нестручен и needуциран согласно спецификата на дејноста на Фондот;<br>- Постоење на незаинтересирани и немотивирани вработени, како резултат на ниски плати и преоптеретеност со работни задачи (нееднаква распределба на работата) по извршители;<br>- Дел од филијалите и деловниците се со лоши услови за работа поради недостиг на средства за тековно одржување;<br>- Непридржување до роковите за работа;<br>- Не се мери задоволството на вработените;<br>- Недоволен број на потребните обуки во земјата и странство за надградување на вработените. |

| Opportunities (Можности) | Threats (Опасности (закани)) |
|---|---|
| ✚ Соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани како би можеле да дадат поголем придонес;<br>✚ Надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство;<br>✚ Унапредување на процесите со помош на ИТ;<br>✚ Поедноставување на процедурите на шалтер (редуцирање на чекорите кои треба да ги направат корисн. на услугите со цел завршување на работа- „се на едно место");<br>✚ Размена на електронски податоци на меѓународно ниво;<br>✚ Нови услуги за корисници на услугите на Фондот на ПИОСМ;<br>✚ Изнаоѓање на нови извори на финансирање;<br>✚ Поголема поддршка од други институции (МТСП, Мин. за финансии, МИОА и сл.) ;<br>✚ Рамномерна распределба на предмети по филијали. | ✚ Законски решенија со кои се отежнуват процесите за остварување права од ПИО;<br>✚ Чести промени на законската регулатива и подзаконските акти кои се од влијание врз работата на Фондот на ПИОСМ;<br>✚ Непостоење на финансиска анализа (финансиски импликации врз Фондот на ПИОСМ) при носење на законската регулатива кој влијае врз работата на институцијата;<br>✚ Неприфаќање на забелешките од Фондот на ПИОСМ при донесување на законски решенија кои се од влијание;<br>✚ Невалидна документација (за стаж, медицинска документација и се друго што е од влијание за остварување на право од ПИО);<br>✚ Неалоцирани износи за придонес од ПИО;<br>✚ Зависност од буџетот на Р.С.М;<br>✚ Недостаток на персонал како резултат на законски пречки;<br>✚ Иселување на работоспособното население;<br>✚ Одлив на стручни кадри во други институции и одење во пензија и ненавремено потполнување на работните места со новотработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од тие што заминуваат;<br>✚ Непредвидени ситуации со КОВИД 19 вирусот. |

Со воспоставување на контекстот односно swot анализата, Фондот на ПИОСМ ги дефинира внатрешните параметри кои се земаат предвид при работењето.

Внатрешниот контекст е внатрешното опкружување во кое организацијата има за цел да ги постигне своите цели.

Внатрешниот контекст се факторите кои во рамките на Фондот на ПИОСМ може да влијаат на исполнувањето на целите.

**Бр.02 - 3942/1**

**Скопје, 31 август 2022 год.**

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Претседател,**

Боро Варошлија